23. Урбанистички проект вон опфат на Урбанистички план за формирање на градежна парцела со основна класа на намена Е1.13 - Површински соларни фотоволтаични електрани, на дел од КП 899, дел од КП 900 и дел од КП 903/1, КО Прждево, Општина Демир Капија;

**ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ**

Урбанистичките планови се изработуваат врз основа на планска програма со која се утврдува границата и содржината на планскиот опфат.

Цената на плановите се пресметува по хектар површина, по договор со правното лице по пат на јавна набавка согласно Законот за јавните набавки.

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во ,,Службен гласник на Општина Демир Капија''.

Број 08 – 960/11
26.12.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на
Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

---

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на РМ.“бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

**З А К Л У Ч О К**
**За објавување на Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Демир Капија за 2023 година**

Се објавува Програма за изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во Општина Демир Капија за 2023 година, што Советот на Општина Демир Капија ја донесе на седницата одржана на 26.12.2022 година.

Број 09 –989/10
27.12.2022 година
Демир Капија

Градоначалник на
Општина Демир Капија,
Лазар Петров с.р.

---

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), член 14 точка 4 а во врска со член 60 од Законот за јавните патишта ("Службен весник на Република Македонија" бр.84/08, 52/09, 114/09, 124/10, 23/11, 53/11, 44/12, 168/12, 163/13, 187/13, 39/14, 42/14, 166/14, 44/15, 116/15, 150/15, 31/16, 71/16 и 163/16) и ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр.174/21), Советот на општина Демир Капија на седницата одржана на ден 26.12.2022 година, ја донесе следната

**ПРОГРАМА**
За изградба, реконструкција, одржување и заштита на локалните патишта и улици во општина Демир Капија за 2023 година

## I. ВОВЕД

На подрачјето на општина Демир Капија локалната патна мрежа е во должина од 39,9 км.

Постоечките локални патни правци се следните:

| Патен правец | Должина км | Ширина м | Состојба |
|---|---|---|---|
| Демир Капија - Дрен | 7,0 | 4,0 | Асфалтиран |
| Чифлик - Драчевица | 6,5 | 3.0 | Земјен |
| Корешница -Челевец | 5,4 | 4,0 | Земјен |
| М1 - Прждево | 4,0 | 4.0 | Асфалтиран |
| Прждево - Бесвица | 4,5 | 3.0 | Земјен |
| Дрен -Копришница | 4,5 | 4,0 | Земјен |
| Челевец-Иберли - Кошарка | 5,7 | 4,0 | Земјен |
| Р 103 - Клисура | 2,3 | 3.5 | Асфалтиран |

## II. ПРИХОДИ

Во 2023 година за изградба на локални патишта и улици се планира да се остварат средства во висина од 52.290.757,00 денари и тоа по извори:

- Агенција за државни патишта...................................... 1.993.376,00 ден.
- Буџет на општина...................... 11.179.151,00 ден.
- Министерство за транспорт и врски.......................................... 23.404.875,00 ден.
- Биро за регионален развој........ 17.706.730,00 ден.

## III. ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА ЛОКАЛНИТЕ ПАТИШТА

Од средствата добиени во 2023 година од Агенцијата за државни патишта се предвидува тековно и зимско одржување на локалните патишта и улици.

За изградба (реконструкција) на локални патишта и улици се предвидени средства кои се планираат да се добијат од: Агенцијата за државни патишта, Буџет на Општина Демир Капија, Министерство за транспорт и врски и Биро за регионален развој. Со обезбедување на средствата за изградба и реконструкција на одреден локален патен правец во рамките на објективните можности ќе се пристапи кон реализација на објектот

## IV. ИЗГРАДБА НА УЛИЦИ

Најголем дел од средствата ќе се искористат за реконструкција на улици кои се утврдени како приоритетни во град Демир Капија и за тековно и зимско одржување на локалните патишта и улици.

Избраниот изведувач спрема расположивите средства (луѓе и механизација) заедно со надлежниот орган на општината ќе ја утврдат динамиката на работа.

ОБЕМ НА РАБОТИТЕ

| Назив на улици | Должина | Вид и обем на работите | вредност |
|---|---|---|---|
| Реконструкција на улица Партизанска 2 во Демир Капија | 800 м | Градежно асфалтерки работи | 19.474.651,00 ден. |
| Реконструкција на улица Јане Сандански во Демир Капија | 153м | Градежно асфалтерки работи | 2.500.000,00 ден. |
| Реконструкција на дел од обиколница (тротоар) Демир Капија | 1600м | Градежно асфалтерки работи | 5.000.000,00 ден. |
| Реконструкција на 3 улици во с.Бистренци | 368 м | Градежно асфалтерки работи | 4.221.231,00 ден. |
| Реконструкција на улици Демир Капија-Попова Кула | 865 м | Градежно асфалтерки работи | 9.111.626,00 ден. |
| Реконструкција на улица во село Чифлик | 1140 м | Градежно асфалтерк и работи | 7.185.792,00 ден. |
| Реконструкција во улица село Прждево | 820 м | Градежно асфалтерк и работи | 4.607.457,00 ден. |
| Тековно и зимско одржување | | | 420.000,00 ден |
| | | | 52.290.757,00 ден |

## V. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Оваа програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на општина Демир Капија".

Број 08 – 960/12
26.12.2022 година
Демир Капија

Претседател на Совет на Општина Демир Капија,
Андон Крстевски с.р.

___________________________________

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ."бр.5/02) и член 74 од Статутот на Општина Демир Капија, Градоначалникот на Општина Демир Капија донесе

## З А К Л У Ч О К
## За објавување на Програма за одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија за 2023 година

Се објавува Програма за одржување на паркови, јавно градско и вонградско зеленило и рекреативни површини на подрачјето на општина Демир Капија за